Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 42/16), **Градоначалникот на Општина Аеродром,** на ден 22.02.2022 година, донесе

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2-лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустриј, на дел од КП3661/2 КО Горно Лисиче- вон град, Општина Аеродром, Скопје,** кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животнта средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Аеродром на следната веб адреса/и: www.aerodrom.gov.mk

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ- **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2-лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустриј, на дел од КП3661/2 КО Горно Лисиче- вон град, Општина Аеродром, Скопје** нема да има влијание врз животната средина од следните причини: **имајќи ги предвид сите просторни, технички и функционални карактеристики како и фактот дека планираната градба во третираниот простор, со намена се исти како и постојните функции и намени, претходно се добиени мислења според кои не постојат основни индиции дека тие би можеле да имаат значително влијание врз животната средина на просторот во непосредна околина. Дејностите кои ќе се реализираат нема да генерираат емисии во животната средина кои ќе реперкуираат значителни влијанија врз животната средина и жителите.**

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

**Изработил:**
Сандра Шутиноска, д.и.а

**Контролирал:**
Страшко Хаџи Коцев, д.и.а

**Контролирал и одобрил:**
Иван Кокалановски, д.и.а

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-327/4
23-02-2022 20 год.
СКОПЈЕ

22.02.2022 год.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
**Тимчо Муцунски**

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2-лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија, на дел од КП3661/2 КО Горно Лисиче - вон град, Општина |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДОООЕЛ - Велес |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Аеродром |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Биљана Тасева, овластен планер на планската документација |
| Назив на работното место | Дипломиран инженер архитект, планер потписник на планската документација |
| Контакт податоци за лицето | тел: 043 222 744; 070 222 848 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-327/5
23-02-2022 20 год.
СКОПЈЕ

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Законска обврска согласно член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20 ).<br>Планскиот опфат е надвор од границите на урбанистичко планска документација и се изработува врз основа на Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ. | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| / | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| / | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: | Точка: | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Не | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Урбанистичкиот проект е во согласност со поставките на Просторниот план на РМ дефинирани во Условите за планирање на просторот изработени за конкретниот опфат.<br>Планирање и реализација на објекти за лесна и незагадувачка индустрија , урбанизација на просторот кој ќе биде во функција на поттикнување на развојот на стопанството што ќе овозможи развој на локалната економија на Општина Аеродром.<br>Клучна одлука е:„ НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕДУРА ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА за предметното УП, бидејќи дејноста која ќе се реализира, во просторот нема да генерира емисии во животната средина кои ќе реперкуираат значителни влијанија врз медиумите во животната средина и жителите. | | | |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) | | | |
| Урбанистичко планирање на просторот. | | | |
| Периодот за донесување на планскиот документ. | | | |
| / | | | |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? | | | |

| |
|---|
| Во рамки на предвидениот плански документ. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Опфатот е лоциран на територија на КО Горно Лисиче - вон град, Општина Аеродром. Крај јужната граница на планскиот опфат минува локален асфалтиран пат, правец Горно Лисиче – Долно Лисиче, за кој е изработена комплетна проектна документација, односно Локална урбанистичка планска документација за проширување и реконструкција на локален патен правец Горно и Долно Лисиче .<br>Граница на опфатот:<br>- На источната страна планскиот опфат се граничи со КП3663/1 и дел од КП3662 КО Горно Лисиче – вон град<br>- На јужната страна од планскиот опфат поминува асфалтиран пат Горно-Долно Лисиче<br>- На северната страна планскиот опфат се граничи со КП3660/2 КО Горно Лисиче-вон град<br>- на западната страна се граничи со КП3661/1<br>Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка, како што следи:<br>Вкупна површина во рамки на планскиот опфат изнесува 0,55 ха. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Планскиот опфат се наоѓа на локалниот патен правец Горно-Долно Лисиче за КП3661/2 КО Горно Лисиче - вон град, Општина Аеродром. Со реализација на Урбанистичкиот проект планираната површина за градење и нејзината реализација зависат од урбанистичките параметри кои се составен дел на планската документација. Планскиот документ ги содржи сите потребни мерки од сите аспекти, воедно нема посебно влијание врз животната средина на луѓето. Технолошкиот процес кој ќе се одвива во планираната лесна и незагадувачка индустрија не произведува нови емисии на штетни честитчки кои ќе ја нарушат постојната состојба на животната средина, од тие причини не треба да се спроведува процедура за СОЖС. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Во предметниот план се предвидуваат објекти согласно намената на просторниот план на Република Македонија, врз основа на кој, локалитетот во кој припаѓа и оваа парцела е планиран за лесна и незагадувачка индустрија. Постоечките објекти се со планираната класа на намена на земјиште Г2 така да и ново планираниот објект нема да има негативно влијание врз животната средина. Движењето на моторните возила е со веќе утврдена фрекфенција и присутност на издувни гасови. Објектите нема да имааат влијание врз здравјето на населението ниту пак на животната средина. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Предвидените површини во планскиот опфат не влијаат негативно на микроклимата во локалитетот. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Можна е појава на несреќи, хаварии и ризици по животот и здравјето на луѓето при несоодветно ракување и користење на средствата при технолошкиот процес на производство. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Планскиот опфат е на КП 3661/2 КО Горно Лисиче- вон град, Општина Аеродром. Пристапот до парцелата е од постоен локален асфалтиран пат. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Овој плански документ позитивно ќе влијае во однос на зголемување на економските и социјалните аспекти на ова подрачје во смисла на зголемени приходи во Општината | |

| | |
|---|---|
| и вработување на локалното население. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Со изградбата на планираните објекти ќе се зголеми вредноста на урбаниот локалитет. Подрачјето не се наоѓа во заштитен појас, ниту може да се окарактеризира како ранливо. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Не е евидентирано |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекуваат надминувања на стандардните вредности ниту намалување на квалитетот на животната средина.Со релизација на планската документација не се очекува емисии на отпадни води и отпад , нема зголемена бучава, ниту пак мисии на честички кои ќе го загадуваат воздухот. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Доколку земјштето на кое ќе се градат објектите е земјоделско потребно е да се пренамени во градежно земјиште за да може да се отпочне со градба на предвидените содржини. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Во рамки на планскиот опфат се планирани објекти во согласност со Просторниот план на РМ | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Новопредвидените површини за градење се наоѓаат во околина на објекти кои се со класа на намена на земјиште за лесна и незагадувачка индустрија во рамките на КО Горно Лисиче, каде има и обработливо и градежно земјиште, Урбанистичкиот проект е во соласност со просторниот план на Република Македонија и со реализација на новопланираните површини и нивното функционирање нема да има негативно влијание врз околината на животната средина. | |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Изградбата на објектите согласно Планската документација, се со контролирани емисии во медиумите од животната средина, ќе допринесе за стопански развој во општина Аеродром во однос на приходи од комунални такси и даноци, зголемено | |

вработување и сл.
На предметната локација нема да има појава од зголемена бучава од возила кои ќе вршат дотур на роба, заштита од бучава , мисии на нови честички и сл. кои ќе доведат до несакани последици на животната средина. Не се влијае врз квалитетот на животната средина и притоа нема да се создаваат еколошки проблеми во општината.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

Новоизградените површини ќе овозможат економски и социолошки развој, а со тоа се овозможува иден и квлаитетен развој на општината. Во планскиот опфат не постојат еколошки проблеми.

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

Урбанистичкиот проект кој е предмет на разгледување претставува нова планска документација усогласена со планот за просторен развој на Република Македонија, бидејќи за овој локалитет предходно не е донесена планска документација. Со овие Локални Плански Документации не се забележани негативни влијанија врз животната средина. Со оглед на тоа дека ова е нов плански документ за истиот локалитет нема да се појават разлики во влијанието врз животната средина.

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.

За планскиот опфат досега не е изработен план, се наоѓа вон населено место, но истиот се третира во поставките на Просторниот план на РМ.

Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).

Пред изградба на поединечните проекти/ објекти, кои влегуваат во состав на ЛУПД ќе се оцени потребата од изработка на Студија за оцена на влијание на објектите врз животната средина/ Елаборат за заштита на животната средина. Согласно тоа ќе се почитува одлуката од надлежната институција.

| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
|---|---|
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Раководител на сектор за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина<br>Иван Кокалановски,д.и.а<br><br>Раководител на одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови<br>Страшко Хаџи Коцев, д.и.а<br><br>ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ<br>Тимчо Муцунски |
| Датум 22.02.2022 год.<br>Место Скопје | М.П. |